**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-2529/**

# З А П И С Н И К

**Од 249.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 29.04.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим**(скајп)**, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**.**

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Виолета Димевска -Раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ.

Седницата започна во 12.30 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 248.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.01.2024-31.03.2024 година.

3. Разно.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 248.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 248.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 248.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот советна МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 248.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.01.2024-31.03.2024 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска, раководител на Одделението за планирање и буџет во МРТ, со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2024-31.03.2024 година.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за периодот од 01.01.2024-31.03.2024 година без забелешки.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2024-31.03.2024 година.
■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2024-31.03.2024 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2024-31.03.2024 година е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледано Барање на Синдикалаnата организација при МРТ со бр.03-2470/1 од 25.04.2024 година, и по истото беше едногласно одлучено од страна на советот на наредна седница да биде повикан претставник на Синдикатот на МРТ кој подетално ќе го обајсни барањето и предлозите за изнаоѓање на прифаливо решение.
Членот Гајур Рамадани по однос на податоците добиени во претходната точка по извештајот за бројот на вработените во МРТ, побара од стручните служби во МРТ да изгиотват анализа по редакции и сектори, каде најмногу недостигаат на вработени како би се добила една слика каде реално фалат вработени во МРТ.

Седницата заврши во 13.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател